Современ..., год II, ноем.-дек. 55
1955 Број 6



## X ЈУБИЛАРНА ИЗЛОЖБА НА ДЛУМ

Во чест на 29 ноември, денот на Републиката, Друштвото на ликовните уметници на Македонија откри своја X изложба во просториите на Уметничката галерија во Скопје. На изложбата се воглавно застапени сите сликари и вајари така да може да се добие претстава за сите ликовни уметници поединечно и за целинита и напредокот на нашата уметност од 1945 до 1955 година.

ДЛУМ при формирањето во 1945 година броеше 8 до 10 члена кои воглавно беа пионери на ликовна уметност кај нас. По тоа преку средна уметничка школа во Скопје, академиите во Белград, Загреб и Љубљана друштвото добиваше млади членови така да во периодот од 10 години ДЛУМ веке брои над 45 члена. Десет години живот на друштвото на ликовните уметници на Македонија одбележуваат видни резултати за културното и уметничкото воспитание. Изложбите во републиката, во културните центри на братските републики Загреб, Белград и Сараево, учеството на членови од ДЛУМ во Југословенски изложби устроени во странство. самостални изложби во Скопје. Прилеп и Битола како и секидневни делувања на поедини членови од друштвото е допринос за развитокот иа ликовната култура во Македонија.

Изложбата ни дава можност да го погледаме развојниот пат на членството, така да можеме да видиме автори кои уште на темата гледаат како на првично а се друго, идејна страна, техничко исполнение и друго го подредуваат и прилагодуваат на истата. Тука е апсолутизиран еден од елементите на уметничкото дело за сметка на други. То е воглавно еден дел и од развојниот пат на ДЛУМ кога историјски беше нужно да се делува по овој метод и начин. Потоа автори кои не попаднаја под утицај на времето, во буквална смисла, ја запазија и својата самобитност, така да проширувајки ја својата творческа дејност се уврстија во вистински претставители на ликовната уметност од овој период. Кај едните и кај другите се преплетуваа од изложба до изложба како позитивни така негативни страни но секогаш одбележувавме еден растеж, една борба да што по верно се одрази нашиот прогрес и нашата социјалистичка стварност.

Во 1951 година на изложбата се забележуваја нови имиња кои се множеја од изложба до изложба. Тоа се воглавно млади луѓе, кои го сочинуваат поголемиот дел од друштвото, што се зафатија со замав и младешка страст во работата на ликовното поле но кои уште, поголем дел од нив, не успејале да пронајдат свој излез. Допринесот со своиге заложби во работата на овие млади луѓе се огледа во тоа што во ДЛУМ можеме да констатираме во последните години вриеж, немир и тенденција за што поинтензивна работа за устројство на поголем број изложби, како општи така и поединечни, а со цел подигање на нашето културно-уметннчко рамниште и за уврстување и на нашето друштво на ликовни уметници на Македонија во редот на другите друштва од братските понапреднале републики во овој однос.

На изложбата, устроена поводом 10 години ДЛУМ учествуваат 36 сликари со 107 слики воглавно во материјал уље и еден дел акварел, 8 вајари со 18 творби и 13 сликари и 4 вајари гости и кандидати на ДЛУМ. На изложбата учествуваја познати во нашата јавност сликари Никола Мартиновски, Лазар Личеновски, Аврамовски Пандилов Димитар и други, кои воглавно се раководат во својата работа по реалистички метод со извесни импресионистички и екпресионистички примеси. Овие наши сликари стилски се оформени, рутинирани во својата работа и сигурни во уметничката постапка но и со нужни слабости врзани и проузроковани од самите постиженија.

Никола Матиновски изложува творби „Доење“ и „Другарчиња“ преку кои ни се претставува како добар цртач, што скоро на сите изложби не уверувал и за истото, а покрај таа позитивна особина сега можеме во овие творби да констатираме извесно повторување на доживљај и запаѓање во сладникавост по однос на боја и претерано техницизирање.

Никола Мартиновски вопреки извесни слабости притежава и квалитети кои го уврстуваат во добрите сликари од овој десето-годишен период на македонската уметност.

Лазар Личеновски е исто така еден од пионерите на нашата ликовна уметност. Тој воглавно се разликува од претходниот по темата и уметничката концепција. Кај него големо влијание чинел и чини и денес импресионизмот. Лазар Личеновски на оваа изложба не е така претставен за да можеме во целост да ги догледаме неговите достигнувања. Во „Контенплација“ не може да се види она чуство на боја што кај Личеновски секогаш било на завидна висина. Портретот на „Последниот зограф Димитрија“ содржи цртачки слабости.

По тоа, Пандилов Димитар, Вангел Коцоман, Љубо Белогаски, Тома Владимирски, Блажиќ Здравко, Цицо Поповиќ и др. изложуваат свои работи во кои се гледа еден изграден и усталеи метод во кој метод е очигледна рутина и техничка сигурност но каде не е можно, и не е ни нужно да бараме „новитети", зошто тоа се сликари кои се афирмирале во нашата јавност со свој израз. Тоа се сликари кои без друго ке бидат одбележани во овој десето - годишен период со својата работа, онаква каква е, искрена и доследна и према можностите а секогаш во оквирите на потребите одредени од извесни побарувања на заедницата.

На изложбата се среќаваат како што рековме и помлади сликари кои од пред 4 — 5 години членуваат во ДЛУМ и учествуваат во уметничкиот живот. Кај сите воглавно се гледа желба да пронајдат свој израз, да се претставаат оригинално а кај сите се осетува една техничка слабост, што е и оправдано поради младост. Има појави кај некои сликари што благодарение усилбите за техничко совладување на материјата со тешко се извлекуваат од школските принципи а дури пак трети недоследни во ставот према материјата што ја обработуваат и тежејки по секоја цена за оригиналност им се случува да се стилски нееднинствени.

Овие појави нужно мораме да ги оправдаме, зошто младите ги превриваат научените принципи — теоријата ја применуваат во праксата. Усилбите на овие млади луѓе не се така лесни а резултатот за да се постигне е потребно пребродување и надминување на она што е сопствено знаење и корачење по некогаш во непознати, недоволно испитани предели на сопственото ЈАС и она што треба да се реализира во процесот на работа. По тоа можеме да констатираме појавата дека кај некои млади сликари има можност да потсвесно им поделувале, во изградувањето на индивидуалниот израз, дела на некои светски мајстори, РУО, ДЕГА, и др.

Од младите сликари на оваа изложба нарочно се истакнуваат со своите работи: Мазев Петар, Б. Трајковски, М. Ивановски, Д. Кондовски, Георгиев Иван, Видимче Пецо, Корубин Миле, Шијаковиќ и др.

Вајарството кај нас е младо. По ослободувањето кај нас можеме да речеме, дека немавме традиција за вајарство. Во 1945 година во ДЛУМ членуваше само еден вајар — Тодоровски Димче, кој работејки во Школата за уметност во Скопје оспособуваше први генерации на вајари. По тоа тие продолжија со своето образование во Белград и Загреб така да денеска во ДЛУМ имаме девет члена вајари. Стремежот е сличен како кај сликарите да се најде сопствен израз кој нема да биде изграден негирајки традицијата и искуствата

постигнати од наши и странски мајстори а со рационално користење на сите тековини создавање наша уметност а со тоа учество во изградбата на општиот лик на Југословенската уметност.

Со извесна стилизираност на формата, која не делува празно и каде ритмичност е основна нит што се провлекува и го сочинува единството на композицијата се одликуваат вајарите: Ангеловски Георги, Грабуловски Јордан и др. Има вајарски дела на оваа изложба кои што делуваат празно работени се во одредени шаблони, приличаат на школски студии што нарочно очигледно е во творби на Љупчо Стефановски „АКТ.“ Хаџибошков Петар со своите вајарски творби дејствува нежно, меко, се прелива една форма во друга но тоа никако не условува да целината биде отпуштена и без нужна конструкција.

Реализирано е убаво единство на нежност и цврстина. „ГЛАВА I и II“

На изложбата од оваа година графиката е исто така застапена. Тука се повеќе работи на кандидатите на ДЛУМ који преку учество на изложби ќе бидат примени во членство. Голем дел уметници и публика оценувајки ги нивните творби за квалитетни земаат учество на демократичен начин за приемот на нови членови а со самото тоа и ДЛУМ најде по современ метод и начин за оценка на творбите на новити свои членови.

Одбележувајки 10 години ликовен живот ДЛУМ можи да одбележи убав напредок кој воглавно е условен од општиот напредок кај нас, од грижата на нашите луѓе за создавање на своја култура и заложбите на нашата заедница која пружа огромни материјални средства за напредок на ликовната уметност. ДЛУМ прославувајки 10 години од своето постоење прославува во сушност преку оваа изложба, устроена во таа чест, и тоа да членството разгранувајки ги широко своите индивидуални творчески можности секогаш се движело во својата работа со одредена мисла за задачите на ликовната уметност и за подигање на културното рамниште на нашите луѓе. Непотпаѓајки под утицај на побарувања кои граничат со евтин вкус а борејки се и објаснувајки ги тие појави членството се бори за подигање на нашата публика на повисок степен и за создавање на ликовна култура која ке одигра позитивна улога во општиот напредок.

Р. ЛОЗАНОВСКИ



М. Ивановски: Одмор